МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр. 05-2012/4
13. 05. 2019 год.
СКОПЈЕ - SHKUP

Друштво за внатрешна и надворешна трговија
ТОЗ-МК ДОО
Бр. 05-1011
13.05.2019
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР
# ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА СТОКИ

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ:

1. **МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ** со адреса на Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, 1000 Скопје застапувано од Sadulla Duraki, министер (во понатамошниот текст „Договорен орган", односно, „Нарачувач") од една страна и

2. **ТОЗ- МК ДОО – Скопје,** со седиште на улица „Трета Македонска Бригада" бр. 76, Скопје, застапувано од управителот Илчо Петровски, во натамошниот текст: („Носител на набавката")

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на овој договор е набавка и испорака на канцелариски материјали за потребите на Министерството за животна средина и просторно планирање, по спроведената постапка со барање за прибирање на понуди со Оглас бр. 17/2019.

**Член 2**

Испораката на канцелярискиот материјал што е предмет на овој договор ќе се врши според видовите, количините, единечната мера и цените кои се дадени во Листата на канцелариски материјали, која е составен дел на овој договор (Прилог 1).

Договорниот орган нема обврска да го порача канцелярискиот материјал во вкупните (максималните) количини наведени во прилогот кон договорот.

## III. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Вкупната максимална вредност на предметот на набавката без пресметан данок на додадена вредност изнесува **157.121,00 ( сто педесет и седум илјади сто дваесет и еден) денар**, согласно доставената конечна понуда.

Вкупниот износ на ДДВ од 5% и 18% изнесува **28.145 денари.**

Вкупната максимална вредност на предметот на набавката **со вклучен ДДВ** изнесува **185.265,00 ( сто осумдесет и пет илјади двеста шеесет и пет ) денари.**

**Член 4**

Единечните цени за канцелярискиот материјал дадени во Листата на канцелариски материјал - Прилог 1 на овој договор, се фиксни и непроменливи за целото времетраење на договорот и ги опфаќаат сите трошоци што ги има носителот на набавката до испораката на локацијата посочена од договорниот орган.

## IV. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 5**

Носителот на набавка е должен да ја извршува испораката на стоките во период од 1 (една) година од денот на стапување на сила на договорот, односно од доставување на гаранцијата за квалитетно извршување на договорот или до целосна реализација на вредноста на договорот (што прво ќе достаса).

## V. ДИНАМИКА, РОК И НАЧИН НА ИСПОРАКА

**Член 6**

Испораката на канцелারискиот материјал ќе се врши сукцесивно во просториите на Министерството за животна средина и просторно планирање со адреса на Плоштад Пресвета Богородица бр.3, Скопје според периодичните потреби на договорниот орган по претходно доставени нарачки до носителот на набавката во кои ќе бидат содржани видот и количината на канцелариskиот материјал.

**Член 7**

Носителот на набавката е должен да го испорача предметот на договорот до Договорниот орган во рок од 2 (два) работни дена сметано од денот на барањето за нарачка на стока (писмено или по меил на официјалната електронска адреса на носителот на набавка).

**Член 8**

Порачката на канцелариските материјали ја издава овластено лице од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање.

Порачката за канцелариски материјал треба да содржи: вид на материјал, единечна мера, количина, место на испорака и рок на испорака.

**Член 9**

Секоја испорака на канцелариски материјал од страна на носителот на набавката која нема да биде во согласност со издадената порачка или ќе биде извршена без порачка издадена од надлежното овластено лице на договорниот орган ќе се смета за неважечка, а трошоците нема да се признаат, односно ќе паднат на товар на носителот на набавката.

**Член 10**

Канцелариskиот материјал што ќе се испорачува треба да се предава на овластеното лица задолжено од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Член 11**

Носителот на набавката е должен при испораката на канцелариskиот материјал да издава испратница, пополнета во три примероци, која мора да ги содржи истите податоци како во порачката добиена од договорниот орган.

### Член 12

Испратницата со полно име и презиме ја потпишува задолженото лице за набавка на канцелариските материјали во Министерството за животна средина и просторно планирање и лицето што ги испорачува материјалите во име на носителот на набавката.

### Член 13

По еден примерок од испратницата се предава на задолженото лице за набавки кај договорниот орган, еден примерок задржува носителот на набавката за сопствени потреби и еден примерок заедно со фактурата се доставува до Министерството за животна средина и просторно планирање.

### Член 14

Секоја поединечна испорака се смета за извршена со квалитативен и квантитативен прием на предметот на набавка на денот на потпишување на испратницата од двете договорни страни.

## VI.ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 15

Носителот на набавката се обврзува да достави банкарска гаранција со која ќе се гарантира квалитетно и навремено извршување на набавката, во висина од 5% од вкупната вредност на склучениот договор, издадена од овластена реномирана банкарска институција. Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде со важност до целосното реализирање на договорот.

### Член 16

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот избраниот најповолен понудувач ја доставува по добиеното известување за извршениот избор, а пред склучување на договорот **во рок од 5 (пет) работни дена од добиеното известување.**

Во исклучителни случаи, доколку банката не издава гаранција за квалитетно извршување на договорот без потпишување на договор, договорот ќе се смета за склучен и ќе влезе во сила по доставување на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот кое носителот на набавката се обврзува ја достави во рок од **5 (пет) работни дена** од денот на потпишување на договорот.
Во случај да не се достави гаранцијата иако договорот е потпишан, ќе се смета дека истиот не е склучен и може да се издаде негативна референца.

### Член 17

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката. Доколку дојде до наплата на гаранцијата за квалитетно извршување на договорот, договорниот

орган ќе објави до ЕСЈН негативна референца. За наплатата на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот и за објавувањето на негативна референца на ЕСЈН, носителот на набавката може да покрене спор пред надлежниот суд.
Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на Договорот му се враќа на носителот на набавката во рок од 14 дена од денот на целосното реализирање на Договорот.

## VII. ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРА

**Член 18**

При изготвувањето на фактурата, Носителот на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

- назив на Договорниот орган, место, седиште, даночен број;
- број и датум на Договорот;
- датум на порачката издадена од договорниот орган врз основа на која е извршена испораката;
- количини со опис на стоката;
- единечни договорни цени на секој од елементите;
- вкупни цени по елементи;
- вкупна цена на фактурата;
- други зголемувања и намалувања, согласно со договорните услови (камати, пенали);
- пресметка за ДДВ;
- вкупна цена за исплата по фактура.

## VIII. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 19**

Договорниот орган плаќањето ќе го изврши во рок од 30 (триесет) дена сметано од денот на приемот на фактурата во архивата на Министерството за животна средина и просторно планирање.
При фактурирањето носителот на набавката ќе пресметува данок на додадена вредност по законски пропишана стапка.

## IX.ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 20**

Носителот на набавката е должен предметот на набавката да го изведе на начин и во роковите што се определени со овој договор.

**Член 21**

Носителот на набавката се обврзува да ги испорача предметните канцелариски материјали согласно утврдениот квалитет на декларираните производители на производите и техничката спецификација.

**Член 22**

Носителот на набавката се обврзува да изврши замена на канцелариските материјал што договорниот орган ќе го рекламира.

## X. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**Член 23**

Договорниот орган се обврзува редовно да ги плаќа уредно доставените фактури по секоја извршена порачка според рокот утврден во член 19 од овој договор.

**Член 24**

Договорниот орган ќе врши контрола на артиклите што се испорачуваат во однос на соодветноста, техничките карактеристики и други податоци утврдени во прилогот 1 на овој договор.

Доколку Носителот на набавката испорача канцелариски материјали со понизок квалитет или друг вид, Договорниот орган нема да ги прими, а истите ќе бидат вратени на товар на Носителот на набавката.

## XI. УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 25**

Овој договор може да се раскине спогодбено, со согласност на договорните страни.

**Член 26**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара остварување на своите права и исполнување на обврските или да го раскине договорот.

**Член 27**

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност на договорниот орган.

**Член 28**

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во рокот утврден со овој договор или не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

## Член 29

Договорот се смета за раскинат со денот на приемот на известувањето за раскинување на договорот.

## Член 30

Доколку дојде до еднострано раскинување на договорот поради неисполнување на обврските од Договорот од страна на носителот на набавката, покрај наплатувањето на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

## Член 31

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна кон друга за губитокот, повредата или неизвршувањето на одредбите на овој договор кои се предизвикани од виша сила.

## Член 32

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови од поголеми размери и сл.).

## Член 33

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

## Член 34

Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради виша сила, должна е веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа, писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

## Член 35

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

## Член 36

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

## Член 37

По отстранувањето на последиците од вишата сила, договорот може да се реализира, доколку неговата реализација не е завршена пред настапувањето на вишата сила.

XII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 38

Договорните страни можат да ги дополнат или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена или дополнување должна е своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат или дополнат со склучување на анекс на договорот.

Член 39

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој договор, а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено, ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

Член 40

При секоја обработка на личните податоци во текот на реализацијата на овој договор, соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

Член 41

Овој договор влегува во сила со денот на потпишувањето од двете договорни страни.

Член 42

Овој договор е склучен во 6 (шест) еднообразни примероци, од кои по 4 (четири) примероци за Договорниот орган, а 2 (два) примероци за Носителот на набавка

ДОГОВОРЕН ОРГАН:
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Министер
Sadulla Duraki

НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА:
ТОЗ- МК ДОО,
Скопје

Управител
Илчо Петровски

ТОЗ-МК ДОО СКОПЈЕ

Изработи: Снежана Колевска
Контролирал: Билјана Тешева Ѓорѓиевска
Марјан Крстевски
Согласен: Тодор Ѓорговски
Весна Петрушевска
Одобрил: Ана Петровска
Државен секретар

Составен дел на овој Договор:
Конечна понуда на ТОЗ- МК ДОО – Скопје